РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-2224/4
05.06.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
# од 22-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 30.05.2025 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** Фисник Татеши, управител на ТРД ЈОН-РАДИО ДОО од Струга.

Претседателот на Советот, Лазо Петрушевски ја отвори 22-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:15 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски најави дека ќе направи измена во предложениот дневен ред, при што точката 3 со наслов „Предлог-одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво ЈОН-РАДИО ДОО Струга", ќе се замени со следниот наслов: „Предлог-решение за прекинување на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво ЈОН-РАДИО ДОО Струга".

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 21-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 19.05.2025 година.
2. Предлог-решение за прекинување на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво ЈОН-РАДИО ДОО Струга.
3. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – стока: Средства за хигиена.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 21-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 19.05.2025 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Петрушевски напомена дека во новото Предлог-решение за ТРД ЈОН-РАДИО, не станува збор за прекинување или стопирање на постапката, туку за времено мирување на постапката.

Г-дин Трајчевски го образложи Предлог-решението за прекинување на постапката за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво ЈОН-РАДИО ДОО Струга. Посочи дека, во комуникација со радиодифузерот, бил информиран дека сметката на радиото е блокирана во сите банки од страна на извршител, поради наводен долг кон „ЈП Национална Радиодифузија – Скопје". Поради ова, радиодифузерот не е во можност да го уплати годишниот надомест за радио емитување. Сопственикот и управителот на радиото изразиле надеж дека проблемот ќе биде решен во краток рок, но за жал, тоа не се остварило. Дополнително, информирано е дека била побарана можност уплатата да се изврши од друга сметка, но согласно Законот за финансиска дисциплина, такво нешто не е дозволено. Поради наведените околности, денес до Агенцијата е доставено Барање за прекинување на постапката, сè до донесување на правосилна судска пресуда за одблокирање на нивната сметка. Веднаш по донесувањето на судската одлука, радиодифузерот ќе има две можности: да го плати годишниот надомест за дозволата за радио емитување или Советот на Агенцијата да донесе одлука за одземање на дозволата.

Г-дин Петрушевски го покани г-дин Фисник Татеши, управител на ТРД ЈОН-РАДИО ДОО од Струга, да ја образложи настанатата ситуација.

Г-дин Татеши објасни дека проблемот е настанат поради тоа што извршител неправедно ја има блокирана сметката на радиодифузерот, за наводно неплатени обврски кон националниот радиодифузер. Потенцираше дека тоа не е точно, дека сите обврски се подмирени и дека веднаш по одблокирање на сметката, ќе биде извршена уплата на годишниот надоместок за дозвола за радио емитување.

Г-дин Петрушевски се изјасни дека ќе постапи во насока на заштити на медиумот, истакнувајќи дека и во минатото имало неколку слични случаи и дека, во интерес на медиумската сцена, е важно овој радиодифузер да продолжи со работи.

Г-дин Ајдини, по разгледување на доставените материјали и по објаснувањето од страна на претставник на ЈОН-РАДИО, истакна дека ќе го поддржи предлогот. Притоа посочи дека смета оти овој радиодифузер заслужува да работи, бидејќи со одземање на дозволата сигурно би се создала многу незавидна ситуација и би се нанела сериозна штета на радиодифузер кој работи на национално ниво.

Г-дин Трајчев истакна дека материјалот за седницата е доставен многу кратко пред нејзиниот почеток, што не остава доволно време за детално разгледување. Тој, како и г-дин Ајдини, искрено посакува радиодифузерот да продолжи со работа и се надева дека ќе се најде соодветно решение. Од аспект на доставените материјали, не

се согласува со предложеното Решение за прекинување на постапката, бидејќи смета дека тоа не е прашање што претходно треба да се решава, туку е независна правна работа која не зависи од нивната одлука. Поради тие причини, иако има желба радиодифузерот да продолжи да работи, не може да го поддржи ваквиот предлог.

Г-дин Петрушевски објасни дека според предлогот од директорот на Агенцијата, постапката одземање на дозволата за радио емитување на ТРД ЈОН-РАДИО ќе се прекине до донесување на правосилна одлука од надлежен суд. Иако формално во документот пишува „прекинување“, тој го објаснува ова како ставање во „мирување“ до решавање на случајот. Истакна дека прашањето за овој радиодифузер нема да се затвори додека не се изврши уплата или додека не се донесе некакво решение. Ако не се изврши уплатата за годишниот надоместок во разумен рок, ќе се закаже нова седница за одземање на дозволата, но тој сепак верува дека радиодифузерот ќе ја изврши уплатата на годишниот надоместок за дозволата за радио емитување. Изрази поддршка за предлогот на директорот, со можност за евентуално прецизирање на терминот „мирување“ доколку е потребно.

Г-дин Трајчевски потенцираше дека терминот „мирување“ е цитиран од Законот за управна постапка и дека не можат да користат термини по сопствен избор.

Г-дин Фиданоски на почетокот истакна дека ќе го поддржи предлогот, но забележа дека краткото време за разгледување на материјалот не е вина на Службата, туку последица на претходно објаснета та комуникациска ситуација. Тој потенцираше неколку клучни поенти. Од првиот ден како член на Советот се залагал Советот не само да го спроведува законот, туку и да создава амбиент за работа на медиумите. Според него, Советот не треба да дејствува строго и репресивно кон радиодифузерите. Укажува дека финансиската состојба на речиси сите радиодифузери во Македонија е проблематична и дека секоја година се јавуваат различни финансиски предизвици со различни радиодифузери. Затоа смета дека законот дозволува флексибилност кон радиодифузерите и верува дека обврската ќе биде исполнета, особено затоа што постои јавно даден збор од страна на претставникот на радиото. Потсети дека станува збор за национално радио кое емитува програма на три јазика, што е значаен придонес за медиумскиот плурализам. Доколку денес се одземе дозволата, тоа според него би било сериозно осиромашување на медиумската сцена. Изрази надеж дека ќе има позитивно решение и забележа дека ниту радиото, ниту Советот се виновни за ситуацијата, туку дека проблемот лежи во бавноста на македонското судство. Потсети дека се чека одлука од суд во Струга, која треба да биде донесена за да може Советот дефинитивно да одлучи. На крај апелираше до Службата на Агенцијата и до претставникот на радиото, бидејќи и судот во Струга се соочува со недостаток на кадар и голем обем на работа, што дополнително ја забавува постапката и предложи сите страни да покажат интерес, да се врши дополнителен „притисок“ за побрзо решавање на ситуацијата и за забрзување на динамиката на процесот. Изрази уверување дека позитивно решение ќе биде донесено скоро.

Советот на Агенцијата со четири гласа „за“, еден „воздржан“ од г-дин Јанчески и еден глас „против“ од г-дин Трајчев, донесе Решение за прекинување на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво ЈОН-РАДИО ДОО Струга, Уп1 бр.08-301 од 01.09.2023 г., покрената со Предлог Уп1 бр.08-162 од 16.05.2025 г., до донесување на правосилна одлука од страна на надлежниот суд по Приговорот на ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга против - Налог за

извршување, И.бр.605/2025 од 05.05.2025 г. донесен од извршител, Гордана Џутеска од Охрид.

Се задолжува Секторот за правни работи и јавни набавки до Основниот суд Струга да достави допис со барање да ја извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за исходот на предметната постапка.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, г-ѓа Цветанка Митревска, го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за предмет: средства за хигиена. Посочи дека станува збор за набавка која е предвидена во Годишниот план за јавни набавки за 2025 година, а средствата за нејзино реализирање се обезбедени во Финансискиот план за 2025 година, односно ќе бидат дообезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-стока: Средства за хигиена.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот: Одржување хигиена во деловните простории на Агенцијата, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2025 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-5321/1 од 27.12.2024 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025-та година.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**